Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 75 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 20 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и петтата седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и петтата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 20 март 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13:15 часот.

На седницата присуствуваа:

**Никола Рилкоски -** Претседател на Државната изборна комисија
**М-р Субхи Јакупи-** Потпретседател на Државната изборна комисија
**Влатко Сајкоски -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државната изборна комисија
**Анета Стефаноска -** Член на Државната изборна комисија
**Виолета Дума-** Член на Државната изборна комисија
**Бедредин Ибраими -** Член на Државната изборна комисија
**Биљана Стојановска-** Генерален секретар на Државната изборна комисија
**Расим Мустафа -** Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница дневниот ред е со единствена точка.

Предложен е следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1. Разгледување и одлучување по поднесените барања на политичките партии ДУИ и СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик;**

Се отвори расправа по предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 75 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и одлучување по поднесените барања на политичките партии ДУИ и СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, во врска со оваа точка даде краток вовед. Согласно членот 49 – а од Изборниот законик предвидено е во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавниот увид ДИК Избирачкиот список да го достави до политичките партии.ДИК ова го направи и го достави Избирачкиот список на политичките партии.Политичките партии во рок од пет дена од денот на приемот на Избирачкиот список до ДИК доставуваат барање за запишување, дополнување или бришење на податоци во Избирачкиот список. Тоа право го искористија две политички партии, ДУИ и СДСМ кои во предвидениот рок од пет дена ги доставија барањата. ДИК по поднесените барања одлучува со решение во рок од три дена од денот на приемот на барањата. Токму денес на оваа Седница како точка на дневен ред е " Разгледување и одлучување по поднесените барања на политичките партии ДУИ и СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик ".

Претседателот на ДИК предлага, во однос на начинот на водењето на Седницата, приговорот на политичката партија ДУИ да се разгледа прв поради тоа

што е прв стасан во ДИК, а потоа да се разгледа барањето на СДСМ. Дава краток вовед во приговорите. Прво за Приговорот на ДУИ:

- Во приговорот ДУИ наведува дека на ден 7.03.2014 год. до ДИК од ДКП со седиште во Тирана, Република Албанија се доставени Барања за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список и Пријави за гласање за избор на претседател на Република Македонија за 2014 година. Лицата кои се пријавиле за гласање од странство, односно ДКП Тирана, имаат пријавено исто живеалиште во Општина Центар ( се чита бројот на лицата и адресите на кои се пријавени), во Општина Кичево (се чита бројот на лицата и адресите на кои се пријавени ) и Општина Ресен (се чита бројот на лицата и адресите на кои се пријавени ). Се работи за повеќе лица пријавени на иста адреса на живеење. Политичката партија ДУИ се повикува на член 2 став (2 ) и член 11 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, според кој граѓанинот има стан за живеење по основ на сопственост или договор за закуп, а наведените лица во приговорот не ги исполнуваат законските услови за гласање во странство. ДУИ направила и проверка на адресите кои се наведени во приговорот и избирачите воопшто ги нема, односно не живеет на тие адреси или не поседуваат договор за закуп. Во истите станови живеат други лица. ДУИ предлага поднесениот приговор да се прифати, наведените избирачи да се бришат од посебните изводи на Избирачкиот список за гласање во странство, поточно во Тирана, согласно одредбите од Изборниот законик, а барањата и пријавите поднесени од овие избирачи да се одбијат како неосновани. Како прилог на приговорот е доставена копија од списокот на лицата пријавени за гласање за претседателските избори во Република Македонија од општините Центар, Кичево и Ресен.

Што се однесува до приговорот или барањето од СДСМ – Достава на податоци согласно членот 49 – а од Изборниот законик, СДСМ во прилог на дописот доставува податоци кои се однесуваат на точноста на содржината на Избирачкиот список, за 22 Општини ( Аеродром, Битола, Велес, Гази Баба, Гевгелија, Штип, Демир Хисар, Ѓорче Петров, Кавадарци, Кисела Вода, Кичево, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, Охрид, Петровец, Прилеп, Ресен, Струмица, Теарце, Центар, и Чаир ) со табеларен ред со име на општината и број на лица за кои е потребна дополнителна проверка, по различни основи.Се работи за вкупно 26.515 лица. Потоа, СДСМ бара во Избирачкиот список да бидат запишани лицата: Гарбески Блаже, Гарбеска Билјана и Јосифовска Катерина. Исто така бараат ДИК да образложи на што се должи разликата во бројот на запишани граѓани во Избирачкиот список за периодот помеѓу Локалните избори 2013 год. и Претседателските избори 2014 год. како и ДИК да им достави информација во кои општини и по кој основ се направени овие запишувања. Како прилог на дописот доставуваат табели за наведените општини со поединечни забелешки за податоците на лицата кои се содржат во табелите и список на лица со имиња, презимиња и адреси.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се ова накратко содржините на овие два приговори. Ке се расправа за еден по еден. Отвори расправа за приговорот на ДУИ. ( Материјалите се благовремено доставени ). Збор му даде на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека нема претставник од ДУИ да го брани приговорот. ДИК треба да расправа по било кој приговор кој ќе и биде доставен. Ќе расправа во склад со Изборниот законик. Избирачкиот список е жива материја и два Преседатели на ДИК се повлекувани поради тоа што ДИК не била способна да го води Избирачкиот список. Но ДИК направи многу за да има

точност во Избирачкиот список. Виолета Дума, Член на ДИК беше член во Работната група за изменување и дополнивање на Изборниот законик заедно со ОБСЕ и други релевнатни амбасадори кои го следат Изборниот законик. Изборниот законик после секој циклус на избори претрпува измени.Една од тие измени е и членот 49 – а од Изборниот законик и две партии го искористија правото на приговори заради точноста на Избирачкиот список. ДИК се залага за точниста во мера во која има пристап до Избирачкиот список. ДИК има поднесено барање до Владата на Република Македонија целосно да го превземе Избирачкиот список но до сега не успеа во тоа и сега се соочува со овие приговори. Да не се повторува во врска со содржината на приговорите која ја изложи Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски се повика на Извештајот на експертите од ОПСЕ/ОДИХР и прочита делови од истиот. Тој извештај ја донесе состојбата за поточен поглед во Избирачкиот список и за вметнување на членот 49 – а во Изборниот законик. Исто така е важен и Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните ( член 2 став (2) и член 11 од овој закон ).Кој може да пријави живеалиште, тоа е лице кое има сопственост или догор за закуп. Во членот 3 од Законот за државјанство се наведува како се стекнува државјанство.Дик донесе Обрасци, Образец 30 –а и пријава која треба да се пополни.Доставени се документи дека лицата имаат двојно државјанство и тоа државјанство на Република Албанија, што е спротивно на член 2 став (2 ) од Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните.По ова тој треба да има сомневање на тие што издавале вакви државјанства. Сигурно врз основа на договор за закуп кој за 6 месеци истекува а лицето останува во Избирачки список. Потоа на тоа лице му се одзема правото на живеалиште. Од Државниот завод за статистика и од Министерството за внатрешни работи сме известени дека над 3000 лица имаат биометриски пасош но со адреса дека живеат надвор. Тие лица не можат да бидат во Избирачкиот список поради тоа што немаат живеалиште во Република Македонија, а за тие што не се жители на Република Македонија им се дава можност да бидат во Избирачкиот список. Да не се прави преседан. Доказите во приговот се веродостојни и каде е направена проверката лицата не живееле тука, а и со сам факт дека се пријавиле дека ќе гласаат надвор. Тој бара од Претседателот на ДИК во општина Центар, општина Кичево и општина Ресен за лица ( кои ги чита со име и презиме , кои се на соодветни адреси кои ги чита, да се провери дали е како во приговорот или е поинаку.Да се направи пауза на оваа Седница и во рок од три саата да се достават податоци од соодветен орган за лицата кои ги наброја, па тогаш ќе се одлучи како ќе гласа. Исто важи и за приговорот на СДСМ, тие барат умрени лица да бидат избришани од Избирачкиот список. И за нив да се направи проверка од надлежните органи, па од како ќе се добие одговор ДИК да одлучува.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека Предлогот на Потпретседателот да се одложи седницата за три саата за да се отстрани евентуалниот сомнеж, односно да се побараат податоци од соодветниот орган а тоа е Министерството за внатрешни работи, е прифатлив. Мисли дека има право член на ДИК ова да го побара и тој како член и Претседател на ДИК го прифаќа Предлогот на М-р Субхи Јакупи и дава пауза од три саата да се добие одговор за податоците.

Сашо Срцев, Анета Стефановска и Влатко Сајкоски, Членови на ДИК не се согласуваат да има пауза на Седницата.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК која се обрати на Претседателот на ДИК и кажа дека тој на почетокот на Седницата кажал дека прво сите Членови на ДИК ќе се произнесат по приговорите а сега бара пауза.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека има деловничко право да даде пауза.По паузата ќе се произнесат сите Членови на ДИК.

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК процедурално кој кажа дека како прв Предлог е да се напише писмо до МВР, а како втор Предлог е да се даде пауза. Негова интервенција е да се стави на гласање првиот Предлог од Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи за писмото, а потоа да се стави на гласање Предлогот за пауза од три саата.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека има трет Предлог. Со оглед дека Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи го кажа своето мислење и другите Членови на ДИК да си го кажат своето мислење по приговотите и кога ќе завршат да се донесе Заклучок. Прво секој од Членовите треба да си го искористи своето право да се изјасни.

За збор се јави Сашо Срцев, Член на ДИК, кој кажа дека на 23.03.2014 година се затвара Избирачкиот список и денес ДИК чекаше последен ден да држи расправа по приговорите. Бара да се произнесат и останатите Членови на ДИК, да им се остави на сите правото да се произнесат по приговорите.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека на никого нема да му го ускрати правото да се произнесе и да го каже своето видување по приговорите, но по паузата од три часа за да се присоберат нови сознанија.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК и прочита од Привремениот Деловник на ДИК кога може да се прекине Седницата. Го праша Претседателот кое право го искористува за да ја прекине Седницата и по кој основ. Смета дека Претседателот прави грешка, дека треба да се корегира и дека работи надвор од Деловникот.Прво кажал на почетокот на Седницата дека сите членови на ДИК ќе се изјаснат по приговорите а сега бара пауза.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека заради дополнителни консултации дава пауза од три часа. Седницата ќе продолжи во 17:00 часот.

По паузата, во 17:20 часот продолжи 75 – тата Седница на ДИК.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски се извини за каснењето. Било најавено дека ќе дојде писмо од Министерството за внатрешни работи и се чекаше. Писмото, односно одговорот од МВР ќе се измножи и се подели на сите Членови на ДИК.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека се продолжува со Седницата.Продолжува расправата по првиот Приговор поднесен од политичката партија ДУИ и во контекст на тоа беше прекината Седницата. Се бараа податоци што предложи Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и во дадениот рок МВР одговори на нашето писмено барање. МВР коректно, во бараниот термин, даде одговот, односно не даде никакви податоци за тоа што се бараше. Со оглед дека Претседателот на ДИК бил прозван од медиумите сака да каже дека Претседателот на ДИК не прави никакви опструкции со оваа Седница, се тече во склад со Изборниот законик. Денешната Седница е во рок за одлучување по приговорите. Приговорите се поднесени на 17.03.2014 година и денес е последен рок за одлучување и еве се одлучува.Бара изјавите да бидат во границите на коректност.

За збор се јави Анета Стефановска, Член на ДИК, процедурално, кажа дека таа како Член на ДИК има право да направи увид во тоа што е напишано во писмото до МВР. Прашува зошто е писмото напишано во имена на ДИК, а тоа е Предлог на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, и зошто се бараа тие податоци од име на сите членови на ДИК кога не е така.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се продолжува со работа по членот 49 – а од Изборниот законик и секој ќе може да се искаже.

За дискусија се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кој кажа дека оваа расправа и начинот на кој се води оваа Седница е крајно незаконски, непринципиелен и направен е преседан на водење на Седници.Има задоцнување повеќе од три часа заради преписки со МВР. Што се однесува на приговорот на ДУИ, појдовната основа од која се тргнува во овој приговор не е правна и не е заснована врз одредбите на Изборниот законик, туку станува збор за политичка калкулација за тоа, колку некому му одговара, а колку не, да определени граѓани, државјани на Република Македонија го остварат своето уставно загарантирано право на глас. Дека тоа е така, се гледа од методологијата која е земена при обработката на Избирачкиот список. Не се тргнува од единствениот Избирачки список, кој е главен извор на податоци, за тоа кој има, а кој не право на глас, туку се тргнува од посебниот Избирачки список за ДКП Тирана. Без никаква законска основа се бара елиминирање на една цела група на македонски граѓани од посебниот Избирачки список уредно пријавени и прифатени да гласаат во тоа Дипломатско конзуларно претставништво. Исто така може да се забележи дека наводите во приговорот и прилогот не соодветствуваат. Доколку и аритметички се соберат поинаква бројка на оспорени избирачи стои во приговорот, а сосем друга во прилогот. Во приговорот не е понуден ниту еден доказ кој го поткрепува тврдењето дека определените лица не треба да бидат запишани во посебниот ИС за Тирана. Затоа е невозможно на крајот и да се изготви соодветно законски втемелено решение на начинот на кој се бара во приговорот. Истото решение да му се достави на лицето кое е избришано, со соодветна правна поука за користење на правен лек, во процедурата која ја познава Изборниот законик, без разни политичко - процедурални акробации и импровизации. Друга нејаснотија претставува, како и дали воопшто, подносителот извршил увид и од каде го црпи тоа право, да врши проверка на условите за сместување на граѓаните, па да изразува сомнеж во вистинитоста на дадените податоци од МВР. Самиот приговор нема никакви докази кои одат во прилог на наводните сомнежи искажани во истиот. Дали тоа значи дека ДИК треба да верува дека политичката партија има поверодостојна база на податоци од најповиканиот орган во државата - ДИК. Базата на податоци за креирање на Избирачкиот список, ДИК ја превзема од матичните книги, евиденцијата на живеалиште и за државјанство на РМ и друга службена евиденција. Нејасна и контрадикторна е изјавата на подносителот на приговорот за толкувањето на член 2 став (2) од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, па се тврди дека ако имале стан на определена адреса во Р. Македонија овие лица не смеат да гласаат во странство иако уредно доставиле барање до ДИК. Се поставува прашањето и дали намерата на подносителот во крајна линија е всушност да го оспори и основот за стекнување на државјанство на лицата кои се наведени во овој приговор. Кога се читаат наводите од приговорот, останува нејасно која е крајната цел на подносителот. Дали е целта бришење на лицата од посебниот Избирачки список за ДКП Тирана или целосно треба да се избришат од единствениот Избирачки список. Дали подносителот мисли дека ДИК ќе ја стави во ситуација да расправа дали е возможно гласачот доколку е ставен на посебниот Избирачки список за ДКП да може да гласа и во Македонија. Одговорот на сите тука присутни верува дека е повеќе од јасен. Со запишувањето во посебниот Избирачки список за гласање во странство, избирачот автоматски се отстранува од Избирачкиот список во Македонија и ќе може да гласа единствено онаму каде што се пријавил да гласа. Наместо дилемите кои подносителот ги остава за решавање на овој приговор, би поставил неколку суштински прашања за чии што одговор треба да се погледне во Изборниот законик:

- Дали овие граѓани ги исполнуваат законските услови да бидат запишани во единствениот Избирачки список односно дали имаат навршено 18 години? Дали имаат пријавено живеалиште во Република Македонија? Дали имаат важечка патна исправа? Одговорот на сите овие прашања е ДА.
- Дали овие граѓани ги исполнуваат потребните услови да им се овозможи да го остварат своето право на глас, односно дали имаат уредно доставена пријава за гласање во соодветното ДКП, вклучително и доказ дека легално престојуваат во земјата каде сакаат да гласаат? Одговорот и на овие прашања е ДА. Ако не беше така нивните пријави ќе беа одбиени.
Членовите на ДИК имаат обврска и должност да се грижат за законитоста на изборниот процес, а не да ги прекршуваат правните норми. Од тие причини ќе гласа против овој приговор, затоа што барањата наведени во него се без основ и се спротивни со одредбите на Изборниот законик.
-Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека Македонија во последните неколку години направи историја во добро спроведени избори. Во Извештајот на ОБСЕ за Локалните избори 2013 година се вели дека изборите беа фер, отворени и законски спроведени. Иако има промени во Изборниот законик некој процеси сакаат и време без разлика на измени во Изборниот законик. Во сред изборен процес во 5 минути до 12 да се применува членот 49 – а од Изборниот законик смета дека не е во ред.Смета дека приговорот на ДУИ е неоправдан. Убаво од ДУИ што се потрудиле да стигнат до податоци кои ќе влијаат на позитивниот исход и вербата на граѓаните, кои во ситуацијава се во функција на избирачи, но и на сите странски мисии кои поднесоа барање за набљудувачи на овие избори. И порано можело да се направи ова со Избирачкиот список. Избирачкиот список може да влезе во избори и да започне изборниот процес. Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи направи прекршок што се претстави во својство на ДУИ па се пушти во бранење на приговорот. Во чл. 2 од Законот за живеалиште и престојувалиште на граѓаните, став (1) вели „ Живеалиште е местото во кое граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење.“ Колегите од ДУИ го скокнале овој дел и поминале на вториот став. Но, подвлекува во првиот став, оној кој на почетокот го дефинира поимот се вели „има намера во него постојано да живее, а ова подразбира дека не мора постојано да живее , или пак живее на одредено место. Членот 7 од Законот за престојувалиште и живеалиште предвидува граѓанинот на секои 6 месеци непрекинат престој во одредено место да го обнови пријавувањето на престојувалиштето. Ако не се пријави, иако во пракса не се смета за жител, се уште е државјанин на Република Македонија. Ако не може да извади биометриска лична карта, тој се уште може да извади пасош. Тоа е механизмот што го применува МВР. Тоа според Изборниот законик подразбира дека ваквите граѓани ги имаат сите права за гласање. Ова право го има и во Р.Хрватска која е во Европска унија што значи дека и Европска унија го признава ова право.Овие лица кои се наброени имаат право да гласаат и ќе бидат обележени со видливо мастило иако е ова со видливото мастило еден чекор назад. ДУИ се повикува на Законот од 2000 година, но има нова промена, промената за глобите и казните која се направи во 2008 година. Во Законот за заштита на личните податоци стои дека “ контролор на збирка на лични податоци е физичко или правно лице, државен орган или друго тело кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон или друг пропис, со истиот закон односно пропис се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување“.Во членот 6 од Законот за заштита на личните податоци пак се вели дека обработката на личните податоци може да се

врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци. И според истиот тој закон, надлежност за проверка на податоците има Дирекцијата за заштита на личните податоци. Сите други проверки што ги направиле од ДУИ се нелегитимни, неважечки,само сомневања и претпоставки. Се прашува кој го дал правото и на кого во партијата на ДУИ да врши контрола. Дирекцијата за заштита на личните податоци има единствено право на контрола. Со ова ДУИ направи голем прекршок. Според чл. 8 од Законот за заштита на лични податоци, глава 3 – Обработка на посебни категории на лични податоци, забранета е обработка на посебните категории на лични податоци, исклучок се прави само ако субјектот дал согласност или пак за утврдување на трудово право или деловна способност. Обработка на матичниот број на граѓанинот исто така е можна само со претходна согласност на субјектот. Прочитани се и членот 18 од Уставот и членот 159 од Кривичниот Законик. Проверката која ја правеле од ДУИ за неа е неприфатлива. Забрана за гласање ДИК не може да направи затоа што така би работеле спротивно на уставните начела, за граѓанските права и слободи на државјаните на Република Македонија. ДИК треба да работи професионално како и до сега. ДИК има голем углед и дигнитет и треба да го задржи и понатаму во работењето.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, замоли Членовите да не се повторуваат во своите излагања.

- Сашо Срцев , Член на ДИК наведува, од приговорот дека на 153 лица од општина Центар, Кичево и Ресен да не им се дозволи да гласаат. ДУИ извршила теренска проверка и не треба да гласаат лицата, немаат договор за закуп. Приговорот е нејасен, нелогичен и контрадикторен. Во приговорот се повикуваат на членот 11 од Законот за живеалиште и престојувалиште,дека МВР треба да донесе решение за поништување на пријавата и бришење на лицето од евиденцијата за живеалиштето, доколку утврди невистинити податоци. Службената евиденција е јавна исправа и поништувањето се врши во управна постапка. ДИК не може да носи решенија со кои ќе им го ускрати правото на граѓаните да гласаат. ДИК работи по Изборен законик. Останува сомневањето дека ДУИ и СДСМ сакаат во старт да го демистифицираат изборниот процес. 26.515 лица да се проверат е изборна хаварија. Како тоа се замислува да се избришат граѓаните од Избирачкиот список. ДИК е должна врз основа на Образецот 29 и 30 гс да работи и да утврди дали некој ги исполнува условите согласно Изборниот законик.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека нема пишан концепт но ќе дискутира врз основа на куп закони кои ги има без тенденциозност, само како лично размислување. Прво сака да каже дека предмет за расправа на оваа Седница се проговори на две политички партии, односно, " Разгледување и одлучување по поднесените барања на политичките партии ДУИ и СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик. " Изборниот законик пред кратко време, непосредно пред изборите претрпе измени кои што не беа добро примени од некои политички партии. Но под влијание на ОБСЕ Изборниот законик се измени и една од измените е и членот 49 – а со кој им се дава право на политичките партии во рок од пет дена од денот на приемот на Избирачкиот список да вршат проверки. Ова е сосема законодавно, излегува од Изборниот законик. Во овој случај немаме барање од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, имаме барање од ДУИ и СДСМ. Се е врз основа на законот и членот 49- а од Изборниот законик. Значи овие партии имаат право на приговор и ДИК треба да го применува законот и по нив да расправа. Партиите не се орган кој што може да бара податоци. ДИК како највисок орган за избори, прво е должна да се грижи за законитоста и да ја зацврсти вербата на граѓаните во изборниот процес и во Избирачкиот список. Проблемите со Пустец не се од денес и денес треба да се расчистат. На мислењето дека можело порано, одговара дека не можело, сега е во

Изборниот законик предвидено дека политичките партии можат да поднесат приговор на Избирачкиот список. Влатко Сајкоски си постави прашања и сам си ги одговори. И таа ќе постави прашања. Овие приговори треба да се решат до 24:00 часот.Како се осмелиле партиите да поднесат приговори. Партиите не можат да бараат податоци. Сите државни органи се на услуга на ДИК во изборен процес. Прво прашање е зошто партиите поднеле приговори, а второ како ќе решава по приговорите ако нема некој доказ. Овде ДИК треба да донесе решение на памет, едни ќе гласаат "ЗА" едни "ПРОТИВ" и ќе се решат приговорите без докази ама ќе остане петното дека ДИК не го реши Пустец. По нејзе постапката за издавање на решение за жителство е проблем. Дали некој кој ги издал документите бил да види дека 67луѓе живеат во еден стан. 67 луѓе не можат да живеат во еден стан а ДИК повеќе од една година не ги расчистува. Никој нема намера да брише, и ДИК не може да брише но може да утврди како дошло до тоа и да завземе став бидејќи идат парламентарни избори. Избирачкиот список не е затворен.Тука се гледа сериозноста на ДИК. Што се однесува за живеалиштата, во Законот за живеалиште и престојувалиште, мора да постои барање за живеалиште, односно да се добие лична карта. Не е страшно да се провери дали некое лице починало. Што е тоа толку страшно.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека мора да ја каже историјата за Избирачкиот список каков го имавме и каков е сега. Ќе дискутира само врз основа на Изборниот законик и не се управува со други закони. Точно дека проблемот со гласачите од Пустец стана опсесија. Од 2011 година до 2013 година се формира работна група составена од претставници на ДИК, МВР, ДЗС, Управата за водење матични книги, поголемите политички партии и претставници на ОБСЕ. На првата седница се спомна водење на паралелен Избирачки список и тој Избирачки список стана званичен Избирачки список на Република Македонија е донесен со консензус согласно членот 41 ставовите ( 4 ) и (5) од Изборниот законик, кои ги прочита. Поаѓајќи од оваа одредба се дојде до Избирачки список кој го имавме за Локалните избори 2013 година, кој го имаме сега и ќе го имаме за парламентарните избори. За среќа или не во овој Избирачки список ги има граѓаните од Пустец. Има други органи кои ова треба да го контролираат. ДИК не смее да стане иследен орган. МВР ги издава личните карти. Во член 31 став (1) точно пишува " ДИК се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите во согласност со овој законик и врши надзор над работата на изборните органи ". Надлежностите на ДИК се дадени само во Изборниот законик. Медиумите треба да го пренесат тоа што треба и кој е во право. ДИК не може ниту судска ниту собраниска контрола да направи на МВР како работи и како издава лични карти, пасоши и државјанства. ДИК за ова не е надлежна. Избирачкиот список ваков како што е е производ на актуелната власт во која учествуваат и ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Еднаш беше добар Избирачкиот список, сега за ДУИ не чини и тој не знае зошто. Клучен проблем е да се исповетат граѓаните кои тука имаат фамилија, имот, а се на привремена работа надвор, со лицата од Пустец кои овде имаат исправни документи. Среќа е што се околу 700 лица. Тој сега ќе биде воздржан а за парламентарните избори поинаку ќе се изјасни.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи – кажа дека тој побарал податоци за да може да донесе соодветна одлука за лицата кои не живеат во Република Македонија. Го прочита писмото кое ДИК го достави до МВР. Го чита одговорот добиен од МВР. Одговорот не соодејствува со нашето барање и ништо не ни помага во врска со нашето барање. Медиумите беа заинтересирани дали ДИК ќе оди до МВР. Членовите на ДИК имаат безбедносен сертификат и тој ни дава можност и право, затоа што е ДИК надлежна за водење на Избирачкиот список да

оди во институции и да врши проверка. Е сега произлегува дека ДИК не го води Избирачкиот список него МВР. Добро е што е вака. МВР не ни дозволи да извршиме проверка а Министерката на МВР кажува дека ДИК го води Избирачкиот список. ОБСЕ даде препорака за измена и дополнување на Изборниот законик и тој се смени и се донесе членот 49 – а, но без ефект. Влатко Сајкоски кажа дека е ова политичка калкулација на ДУИ. Тој е член на ДИК и не е во својство да ги обвинувате партиите.По тоа што читал, може да се каже дека ВМРО-ДПМНЕ му го напишала тоа што го прочитал. Побара заедно сите Членови на ДИК да одат на улица и да проверат дали на таа адреса живеат тие лица кои се наведени во приговорт. Комшиите ќе кажат, дали тие лица плаќаат данок на државата. Проверка на починати лица зошто да не се направи. МВР ова треба да го знае дали е така а не ни даде ваков одговор. Се обрати на Анета Стефановска, Член на ДИК, и кажа дека благодарение на ОБСЕ е ставен членот 49- а во Изборниот законик и сега ДИК треба да им забрани на политичките партии зошто доставиле приговори. Политичките партии преку ДИК бараат да ги решат овие проблеми со доставување на докази. Тој е тука во својство на Потпретседател но тој е предложен од политичка партија. За жал и овој орган е политизиран. Но не е така, ова е приговор од ДУИ и ДИК за секој приговор ќе решава. Баш затоа што е од ДУИ тој сакал МВР да ги потврди наводите во приговорот дали е така или не.Се обрати на Сашо Срцев, Член на ДИК. Членот 11 од Законот за живеалиште и престојувалиште е толку јасен дека МВР врши проверка дали лицето живее на тааа дреса или не. Некогаш сигурно за ова некој ќе одговара.Се обрати на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, во врска со искажувањето за Избирачкиот список и тој се придржува на тоа и ќе го почитува Избирачкиот список. Го чита Членот 41 став ( 5 ) од Изборниот законик. Овие лица сите знаат дека живеат во Република Албанија во Пустец. Како е направено, де јуре да, де факто не. Секоја делегација од ОБСЕ, Американска амбасада, Совет на Европа и др. прашува што ДИК ќе направи со Пустец. И Бедредин Ибраими бараше лично да се оди на ул: Максим Горки да се види дали 60 лица шивеат во еден стан или не. Сега Бедредин Ибраими ќе биде воздржан а за парламентарните избори нема да им дозволиме да гласаат. Ќе ги повика претставниците на медиумите и политичките партии да се оди да се провери за тоа што МВР не помогна на ДИК. Мисијата на ОБСЕ е конституирана да проверува дали се водат фер и демократски избори.Сега ДИК не сака да го примени Изборниот законик со измените. Тие што не сакаат ќе носат голем товар. Тој ќе го прифати приговорот на ДУИ и делумно приговорот на СДСМ за умрените лица и за жителите од Пустец, а за друго нема докази и нема да го прифати.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа,пошто бил прозван од Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, знае дека со неговата дискусија бил сто посто во право. Сега ќе постави прашање по кој основ ДИК да изврши инспекциски надзор. Нека има проверка но не само во Скопје и во Зајас, Осломеј па да се објасни како тие луѓе не се таму а се во Избирачкиот список.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека се зачудува како ДИК не може да врши проверка во Избирачкиот список. Согласно членот 31 став (1) од Изборниот законик ДИК може да ги врши сите проверки во Избирачкиот список.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа, односно одговори на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и на Виолета Дума, Член на ДИК. Се повика на нејзиниот говор претходно и на цитирање на толку членови од толку закони. Цело време се повикуваат во дискусиите на ОБСЕ и ОДИХР. По неа овој Избирачки список е добар и може да се применува за претседателските и парламентарните избори. ДУИ се постави во улога на контролор а тоа законско право го нема.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека сега се расправа за претседателските избори. Избирачкиот список им е даден на партиите. Приговорот на ДУИ не е јасен, дали се бара бришење од посебниот Избирачки список или од единствениот Избирачки список.Сите други закони на кои се повикуваме е нецелисходно. Во приговорот на СДСМ ќе се согласи за умрените лица да се направи проверка. Јавноста вели го имате Изборниот законик и спроведете го. Дали лицата од Пустец треба да се исповетат со нашите граѓани кои носат пари во државата, а работат привремено надвор или со жители од туѓа држава. ДУИ ќе згреши ако по оваа Седница не поведе тужба пред Управен суд. Управен суд е надлежен а ДИК нема механизам. За парламентарните избори ќе расправа повторно. Судот има право да побара да му се достави се што бара ДУИ во приговорот. Овој приговор е нејасен, барањето е нејасно и треба да се остави да одлучи Управен суд и тоа право ДУИ треба да го искористи.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека бил јасен по однос на приговорот. Ова надмудрување е останато од порано и сега пак продолжува. Секој треба да си го каже своето мислење, а не кој е поголем правник. Има многу политика која порано ја немаше. Доаѓа пред три дена приговор, не се става на Седница, се тактизира. Од доаѓањето на сегашниот а и од претходниот Претседател на ДИК многу се внесе политика и ДИК ова мора да го среди. МВР е само сервис на ДИК, а ДИК е тој што ја врши методологијата и го води Избирачкиот список. ДИК да се шета низ Македонија како туристи сега во очи на избори не е во ред. Многу некоректно се дискутира, на никого не упаднал во збор а него му упаѓаат. Вакво уфрлање не е во ред.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека ДИК мора да оди на тоа да се увери во правилноста и законитоста при одлучувањето по приговорите.Оваа работа доследно и професионално мора да се врши.

- Виолета Дума, Член на ДИК кажа дека се на 17.03.2014 година добиени приговорите со обемен материјал.Ако некој толку голем материјал може да го прочита и веднаж да го стави на Седница добро е. Таа го прочитала барањето. Изборниот законик е закон на ДИК по кој ДИК треба да работи но ниту еден закон не се употребува исклучиво, треба паралелно со други закони да се користи. Мора да се знаат Законот за живеалиште и престојувалиште, Закон за лична карта, за патна исправа, за државјанство и др.И Уставот упатува на закони како највисок акт на државата.Овие пропратни закони се дел од Изборниот законик.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека стои на тоа што го рекол. ДИК освен Изборниот законик нема можност да ги применува другите закони.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се завршува со расправата. Остана само тој да се искаже. Во многу дискусии се нашол и тој со неговото размислување. Ќе говори генерално. Дека е приговорот непринципиелен, незаконски и политички, воопшто не се согласува. Не смета дека е 5 до 12, денес е трети ден, рок според законот даден да се расправа по приговори и ДИК расправа. Имаше дискусија и за видливото мастило дека е чекор назад, изгласано е и ДИК ќе се придржува кон тоа. Имаше повеќе дискусии дека ДИК нема право да брише во Избирачкиот список. Се повикува и го чита членот 42 од Изборниот законик. ДИК има право да прави и " непосредно проверување" . Не се согласува со дискусиите дека по членот 49 – а од Изборниот законик ДИК ќе биде иследник. ДИК нема да биде иследник ќе работи само по тоа што му го дава Изборниот законик. ДПА беше повикана но не учествуваше во градењето на Изборниот законик.

Се заклучи расправата во делот за приговорот на ДУИ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик и приговорот е ставен на гласање.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи и Виолета Дума ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на поднесениот приговор на политичката партија ДУИ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик, 3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска )се произнесоа " ПРОТИВ " и 1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими ) се произнесе " ВОЗДРЖАН " .**

**Врз основа на гласањето се констатира дека поднесениот приговор на политичката партија ДУИ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик не е прифатен. Да се изготви решение од страна на ДИК за ДУИ да може да поднесе тужба пред Управен суд.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека сега се отвара расправа по поднесеното барање на СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик.На почетокот на Седницата дал мал вовед за поднесеното барање од политичката партија на СДСМ и сега пред да се отвори расправата тука е присутен претставник од СДСМ кој бара збор и смета дека е легално да му се даде збор.

Збор доби претставникот на СДСМ Жана Колеска, која кажа дека ќе даде во името на СДСМ, согласно членот 49 – а од изборниот законик, како подносител на приговорот , кратко образложение. Приговорот е доставен заедно со податоците каде СДСМ најде дека во 22 општини постојат податоци во Избирачкиот список за кои се сомнева дека се лицата спротивно одредбите во Изборниот законик запишани во Избирачкиот список. 991 починато лице, при увидот и проверката на СДСМ се наоѓа во Избирачкиот список иако се починати и не треба да бидат во Избирачкиот список. Бара после проверката од страна на ДИК овие лица да бидат избришани од Избирачкиот список. Има лица неосновано запишани, неевидентирани избирачи во Избирачките места како н пр. во општина Центар, Кичево и Ресен вкупно 604 лица а на ул: "Максим Горки" има во становите бр.1 и 2 73 лица, на ул:"Стале Попов" бр.9 103 лица. Вкупниот број на лица за кои е потребна дополнителна проверка, по различни основи е 14.492 избирачи.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека сега претставникот на СДСМ има корекција во бројката.

Претставникот на СДСМ Жана Колеска кажа дека е направена техничка грешка во бројките, значи се работи за 14.492 избирачи кои треба да се проверат.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека приговорот е делумно основан а делумно не.Во делот за починати лица ДИК треба да ги провери овие податоци и до Управата за водење на матични книги веднаш да се достави списокот на проверка. Забелешките се основа ова да се провери дали е така или не е. Во однос дека лицата не се на таа адреса за него е битно што се во Избирачкиот список. Нема никакви докази, ако лицето во меѓувреме ја сменило личната карта ќе може да гласа и да го оствари избирачкото право. Во врска со иселените лица за него е битно да се лицата евидентирани во единствениот Избирачки список. Само во делот на умрените лица предлага да се достави до Управата за водење на матични книги списокот на овие лица на проверка.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека за разлика од претходниот поднесок, овој поднесок упатува на достава на податоци по членот 49-а од ИЗ. Првично, од поднесокот може да се заклучи дека иако по форма и содржина е краток, доаѓа во прилог со огромна документација. За жал, освен опасниот визуелен изглед, имаме поднесок чија цел е да изврши максимална опструкција во работата на ДИК, при што дури и да го доведе под знак прашалник текот на претстојните избори.Од формална гледна точка, поднесениот прилог со различни податоци на лица за кои

подносителот смета дека е потребна дополнителна проверка по различни основи има несериозен пристап. Сите доставени податоци во прилогот се обработувани по најразлични и неконзистентни методи, претпоставува зависно од идејата на локалниот партиски функционер, така што до ДИК е доставена голема количина на полу или недоволно обработени материјали, само за да се створи слика во јавноста дека Избирачкиот список има проблеми. На сите тука ни е јасно, но заради јавноста мора да се повторат неколку аспекти за начинот и евиденција на избирачкото право кои се уредени со позитивните законски прописи. Прво, ДИК е органот кој го води Избирачкиот список. Базата на податоци за креирање на Избирачкиот список, ДИК ја превзема од матичните книги, евиденцијата на живеалиште и за државјанство на РМ и друга службена евиденција. Второ, во Избирачкиот список се запишуваат сите граѓани на Република Македонија, со навршени 18 години, кои имаат живеалиште во РМ и кои имаат важечка лична карта или патна исправа. Трето, во ИС се запишуваат и сите државјани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, а кои поседуваат важечка патна исправа. Четврто, оние граѓани на кои им е одземена деловната способност со правосилна пресуда не можат да се запишат во Избирачкиот список. Она што треба да се потенцира е фактот дека ДИК врши запишување, дополнување и бришење на податоци во Избирачкиот список и по барање на граѓани, а врз основа на важечка лична карта и патна исправа. Овде се доаѓа и до делот каде што ДИК врши бришење во Избирачкиот список, на починато лице или лице кое го изгубило по друг основ избирачкото право, по барање меѓу другото и на политичка партија со доставување на податоци за тоа лице, а врз основа на проверка во податоците од матичните книги, евиденцијата на живеалиште и за државјанство, други службени евиденции итн. Ова е така во процедурата за водење на Избирачкиот список, каде што ДИК како орган води соодветна постапка за горе наведените процедури, носи соодветни решенија, а на незадоволниот учесник во постапката му дава поука за користење на правен лек.Ако се врати на поднесокот, ќе се види дека истиот е поднесен согласно член 49-а од ИЗ, односно во делот кој ја дефинира постапката за вршење на јавен увид, при што и секое лице граѓанин на Република Македонија, но за време траење на јавниот увид, до подрачното одделение на ДИК или месна канцеларија може да поднесе барање за допишување, промена или бришење во Избирачкиот список, при што е неопходно да се приложат и потребите докази. Во конкретниот поднесок нема доставено ниту еден доказ. Во случаите каде што се наведува смртта како основ за бришење на едно лице од Избирачки список до ДИК мора да се достави неспорен документ издаден од надлежен орган со кој се докажува смртта на определеното лице. Овие постапки се јасно определени во Законот за матична евиденција и околу истите нема дилема. Секакво отстапување од оваа законска норма ќе значи хаос, но и кршење на законите и во крајна линија загрозување на правата на граѓаните. Притоа,во последните денови од траењето на јавниот увид најверојатно ќе бидеме сведоци на натпревар меѓу партиите кој ќе избрише повеќе неистомисленици од ИС, и тоа не во согласност со законска постапка, туку повеќе веројатно врз основа на субјективни претпоставки.Најпосле постои Избирачки одбор, кој ќе го спроведува гласањето, во чиј состав покрај вработените од администрацијата, и партиите и од власта и од опозицијата се соодветно претставени, а сиот процес е под будното око на овластените претставници на кандидатите, како и домашните и меѓународните набљудувачи. Затоа, не е јасно зошто се остава простор да се создаде слика дека и членовите на Избирачките одбори би ги прекршиле законските прописи и евентуално би дозволиле да гласаат лица кои немаат такво право.Што се однесува до лицата за кои се тврди дека не живеат во Република Македонија, законот јасно упатува кој се,

има право да се најде во Избирачкиот список и соодветно на тоа да го искористи своето право на глас. Партиските наводи можеби можат да претставуваат некаков индикатор, но во никој случај не претставуваат веродостоен извор за тоа дали некој треба да биде или не во Избирачкиот список. ДИК не може и не смее, да се впушта во авантури за менување на податоци во единствениот Избирачки список врз основа на комшиски муабети, па при тоа да поклонува верба во некакви партиски кружооци, а да не верува на органите на системот во оваа земја.Од овие причини предлага ДИК да донесе Решение со кое ќе одбие запишување на лицата за кои се бара запишување во поднесокот, поради недоставени докази и истото веднаш да му биде доставено на подносителот.

- Виолета Дума, Член на ДИК, му заблагодари на Влатко Сајкоски за дискусијата, но кажа дека погрешно го интерпретира членот 42 од Изборниот законик за тоа кога ДИК врши бришење во Избирачкиот список. Го чита членот. Доволно е политичката партија да каже име и презиме на лице и адреса и да каже дека е лицето умрено а не да вади умреници, па ДИК да направи проверка. Значи политичките партии доставуваат податоци а не докази. За сите починати лица треба да се направи проверка.Се работи за 991 лице. Влатко Сајкоски мисли дека ќе се направи хаос, а со уписот на лицата од Пустец за Локалните избори 2013 година не се направи.Тоа воопшто не чинеше за државата. Ако ДИК добие податок дека се лицата умрени, треба да се избришат од Избирачкиот список и ДИК треба да биде благодарна на оваа политичка партија. Што се однесува на лицата дека не се наоѓаат на наведената адреса сега е тоа пообемна работа. За трите лица по име и презиме наведени во приговорот со важечки документи истите треба да бидат запишани во Избирачкиот список и за нив ДИК има оправдување за запишување.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека трите лица ги исполнуваат сите услови за запишување и во нивно име партијата има право да бара да бидат запишани и ДИК треба да ги запише. Тој бил против испраќање на писмо до МВР но овие лица ако имаат документи ќе се запишат во Избирачкиот список. Треба со три реченици да се напише писмо за овие три лица да се запишат во Избирачкиот список.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кажа дека не се согласува со мислењето на Бедредин Ибраими, туку мисли дека јавниот увид трае 20 дена и што правеле овие лица за тоа време што не се запишале. Истото важи и за умрените, за доставување на барање за бришење од Избирачкиот список. ДИК ќе направи хаос ако партиите запишуваат или бришат лица од Избирачкиот список.Смета дека ваквиот преседан во иднина ќе се удри во глава на ДИК. Луѓето во 5 до 12 ќе достават барање за промена во Избирачкиот список како воопшто да нема јавен увид, но партијата ќе го прави ова.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, се согласи со дискусијата на Влатко Сајкоски, има јавен увид и луѓето треба да постапат. Некој граѓани имаат оправдување, стари се, не знаат и сл. Да се провери за овие три лица дали ги има во Избирачкиот список за парламентарните избори.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека прво не и е јасно што достави СДСМ до ДИК,барање, допис, приговор. Дадоа оскудно образложение, а многу материјал кој нема доказ дека е вистина тоа што го тврдат. ДИК Доби допис, или што ли е, 26.525 лица да се бришат, па сега претставникот на партијата вели дека се работи 14.492 лица и било техничка грешка. Пред три дена тврдеа дека се 26.525 , сега во 20 часот, откако се направи политичко сценарио со одложување на седницата за 3 часа, се кажува дека се работи за 14.492 лица. Ова навистина не е сериозно а таа ја сметала СДСМ за сериозна партија. Навистина член 49 - а од Изборниот законик го предвидува правото на политичките партии да направат одредени измени

односно од ДИК да побараат информација за состојбата со Избирачкиот список, но, потоа членот 50 појаснува дека промените во списокот може да се направат само по барање на лицето, субјектот на кој лично се однесува. Граѓаните го направија тоа во тек на јавниот увид за претседателските избори, а сега е во тек јавниот увид во Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори. Ова последното значи дека уште ќе има промени. Ама се сака да се направи хаос и блокирање на изборниот процес од страна на СДСМ. Податоците во Избирачкиот список ги водат институции во кои таа има доверба. СДСМ во своето барање не наведува зошто сака да се прави проверка на 26.515 лица во различни општини. Вели доставуваат податоци кои се однесуваат на точноста на содржината на Избирачкиот список и упатува на сомневање дека не се точни податоците. А тоа повторно наликува на евтин политички обид да се намали уверливоста на изборниот процес, особено кај граѓаните.Дали треба да се верува дека со ова , со вакви чекори оваа политичка партија се оправдува за својот неуспех на изборите. Потсетува дека во Изборниот законик водењето на регистарот на избирачи е уреден со членовите од 41 до 56 . Оценките на ОБСЕ за изборите 2013 година беа позитивни, а во ИЗ се вметнати сите препораки. За имплементација на некои од нив потребно е време. Тоа како рамка колку што се сеќава е одредено за 2015 година.Дотогаш ДИК ќе го големи својот капацитет, но ингеренциите според Изборниот законик ќе останат на МВР, Управата за матична евиденција од Министерството за правда и Државниот завод за статистика. СДСМ има несериозен пристап, без приложени докази и овој приговор е беспредметно да се разгледува. Да се вратиме на професионализмот.

-Претседателот на ДИК , Никола Рилкоски ја замоли Анета Стефановска да внимава на вокабуларот на изразувањето.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа тоа што го одговори во врска со приговорот на ДУИ важи и за барањето на СДСМ, ист основ, исти членови, во двата приговори. Треба доза на сериозност и да бидат поткрепени со Изборниот законик и другите закони.Прво една бројка од 25.515 лица, а сега друга бројка од 14.492лица.Ова не му се допаѓа не е вкусно. Дава пример во Велес , на едно ИМ пишува болно лице, или мажена или на брод или инвалид, непокретна. Зарем овие луѓе ДИК да ги проверува. Сега по друг основ во Струмица, во две згради по 27 жители, по 2 станари не им биле познати.Во Македонски Брод на едно ИМ од 11 лица 1 починат. Има доста наведени лица без име. Ова го кажува добронамерно и не сака да критикува. 991 лице умрено лице но не е така. Срам му е кога ќе се каже нешто вакво, што ќе каже на ова матичната служба. Да имале ИС 1, ИС 2 и ИС 3 обрасци попунети се ќе било во ред. На последната седница избришавме повеќе од 300 лица починати со доставени обрасци од нашите подрачни одделенија. СДСМ бара да ги провериме непокретните. Ова е несериозно.

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа, имаме приговор и во делот на починатите тој верува и благодарен е на подносителот на приговорот. Ако има име, презиме и адреса тој список треба да се достави до Управата за водење матични книги. Ова ни е на помош ДИК да го прочисти Избирачкиот список.Има лица кои се починати и поради немарност на органот не се избришани. Прво сега тука во ДИК ќе се проверат лицата, зошто ова да не се направи. Се депласира членот 49 – а од Изборниот законик. Во делот за починатите тој ќе се погрижи прво тука од службите да се направи проверка.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека негов став е дека членот 49 – а од Изборниот законик ДИК не може да го негира. Го чита ставот (2) и (3). Имаме предлог и за бришење и за запишување. Само нема за дополнување. Не се слага дека ДИК не може да врши бришење и запишување.Политичките партии имаат свој орган и тој орган дава податоци и ДИК треба да ги пофали партиите дека

работеле. Во политичките партии има политика, но ова не е политика, ова е сериозно и сите приговори ги смета за сериозни.Не случајно ДИК побара од органите кои треба да ни дадат податоци, од МВР. Го чита членот 42 од Изборниот законик. ДИК врши запишување, дополнување и бришење во Избирачкиот список врз основа на податоци од матичните книги, евиденција за живеалиште и за државјанство на Р.Македонија и други службени евиденции и со непосредно проверување. Во извештајот ОБСЕ пишува дека ДИК политички одлучува по приговори.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека дека ова ќе се применува во 2015 година, така пишува во Изборниот законик и го чита членот 194.

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи одговори дека не е точно и дека членот 42 од Изборниот законик нема измени. Законот дозволува ДИК од други органи и со непосредно проверување да провери но тоа не беше дозволено и сега со недоволно докази треба да се решава.За умрените лица има доказ поднесен од политичката партија, со потпис и печат.

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека ДИК за починатите ќе провери во Избирачкиот список упоредно и за претседателски и за парламентарни избори. Ова мора да се направи и да се одговори на субјектот.ДИК има две бази Избирачкиот список за претседателски избори и Избирачкиот список за парламентарни избори.

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа службата да ги провери наведените умрени лица со име и презиме и по општини како се дадени. По проверката може да се види дали се во Избирачкиот список. Членот 49 – а ни помага да ја направиме оваа проверка. Од ова ДИК ќе има исход и за секое починато лице од вкупно 991 лице треба да се провери. Што се однесува на лице кое е иселено, има право да гласа затоа што е во единствениот Избирачки список и може да гласа тука или да се пријави во посебниот Избирачкиот список.

Дадена е пауза од 10 минути и Седницата продолжи во 21:00 часот. За дискусија се јавија:

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека е при крај на излагањето. Она што е битно е дека ДИК треба да биде на ниво на задачата.На ова ДИК не може да замижи СДСМ има потполно право и врз основа на членот 49 – а од Изборниот законик ДИК треба да направи проверка.

- Влатко Сајкоски, кажа дека ДИК има одредена методологија изградено како се бришат умрени лица од Избирачки список и вчера на Седница се избришани 600 лица со Обрасците ИС 1, 2 и 3. ДИК има методологија и сега да не се оди спротивно. Денес сме 20.02.2014 година и во тој период имало повеќе настани. Пресекот на СДСМ е со посвеж датум, не тврди дека не е точен но ДИК на убави очи да брише луѓе не се согласува. Подрачните одделенија на ДИК вршат посебна процедура, се подготвуваат обрасци кои одат на Седница на ДИК и потоа во ДЗС.Тоа е методологија на ДИК. Од овие причини нема да го прифати предлогот без докази да се вршат некакви дејствија во Избирачкиот список.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека на ова ДИК не треба да замижи и предлага Седницата да се прекине. Да се задолжи службата утре до 10:30 часот да ги провери умрените лица дали се запишани во Избирачкиот список за претседателски избори упоредувајќи го со Избирачкиот список за парламентарни избори и да достави извештај за проверката.Ако има умрени лица запишани во Избирачкиот список ДИК ќе се обрати до Управата за водење на матични книги да ни дадат одговор дали се тие лица починати или не. Службата да направи анализа , да даде извештај па во 11:00 часот да се продолжи Седницата и по извештајот ДИК ќе одлучи. Бара овој негов предлогот да се стави на гласање.

**Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е предлогот умесен и го стави Предлогот на Бедредин Ибраими да се задолжи службата утре до 10:30 часот да ги провери умрените лица дали се запишани во Избирачкиот список за претседателски избори упоредувајќи го со Избирачкиот список за парламентарни избори и да достави извештај за проверката до ДИК, на гласање.**

**4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими) се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Бедредин Ибраими и 3 Члена на ДИК ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ПРОТИВ " .**

**Се констатира дека е Предлогот на Бедредин Ибраими да се задолжи службата утре до 10:30 часот да ги провери умрените лица дали се запишани во Избирачкиот список за претседателски избори упоредувајќи го со Избирачкиот список за парламентарни избори и да достави извештај за проверката до ДИК, усвоен.**

75 – тата Седницата на ДИК е прекината во 21:30 часот и ќе продолжи утре.

75 – тата Седницата на ДИК продолжи на 21.03.2014 година ( петок) во 14:40 часот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски се извини за каснењето на почетокот на Седницата до средствата за информирање дека е од оправдани причини.Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно. За продолжетокот на оваа Седница дневниот ред е со единствена точка:

**1.Разгледување и одлучување по поднесените барања на политичките партии ДУИ и СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски објасни дека во делот на барањата поднесени од политичката партија ДУИ, ДИК ја заврши расправата и има донесено решение. Остана да се заврши расправата по барањето на СДСМ, со тоа што синоќа Седницата се прекина со договор за да се дојде до поточни податоци службите да проверат дали починатите лица наведени во барањето на СДСМ се во Избирачкиот список . Стручната служба изработи еден преглед по општини, колку се евидентирани починати лица и колку постојат во Избирачкиот список. Материјалот сите го имаат и се продолжува со претресот. Отвара расправа.

За збор се јавија:

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека ДИК ја задолжи стручната служба, во врска со приговорот на СДСМ во однос на починати лица да изврши проверка во Избирачкиот список. Службата го утврди следното: За Куманово, Македонски Брод, Ѓорче Петров и Аеродром , нема доволно параметри за пребарување, односно нема доволно податоци во приговорот на СДСМ. Само 202 лица се под сомневање дека се починати а се во Избирачкиот список. Согласно ова ДИК треба да упати писмо до Управата за водење на матични книги да ни дадат одговор дали се овие лица починати или не. Согласно нивното известување ДИК ќе изврши бришење во Избирачкиот список или не. Методологијата на ДИК за Избирачкиот список е добра и функционира.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е ова дел од барањето на СДСМ кое има и други сегменти. Има барање за проверка на гласачи кои живеат на иста адреса, односно повеќе лица живеат во ист стан. Има барање за запишување на три лица во Избирачки список и како трето барање ДИК да образложи на што се должи разликата во бројот на запишани граѓани во Избирачкиот список за периодот помеѓу Локалните избори 2013 година и Претседателските избори 2014 година, како и ДИК да достави информација во кои

општини и по кој основ се направени овие запишувања. Ова е само за потсетување дека ова беа барањата на СДСМ.

-Сашо Срцев , Член на ДИК кажа, претставникот кој го образложи приговорот наведе дека се повикува на член 49 – а од Изборниот законик, го чита членот, а во приговорот пишува: " Во прилог на овој допис ви доставуваме податоци кои се однесуваат на точноста на содржината на Избирачкиот список, а за кои е неопходно да постапите согласно вашите надлежности, и тоа за следните општини " па доставуваат список на општини. Во поднесокот нема барање и се поставува прашањето дали ДИК воопшто треба да носи решение.Потоа се оди со една бројка од 25.515 лица, а сега друга бројка од 14.492 лица.Ова не му се допаѓа не е вкусно. Дава пример во Велес , на едно ИМ пишува болно лице, или мажена или на брод или инвалид, непокретна. Зарем овие луѓе ДИК да ги проверува. Сега по друг основ во Струмица, во две згради по 27 жители, по 2 станари не им биле познати.Во Македонски Брод на едно ИМ од 11 лица 1 починат. Има доста наведени лица без име. 991 лице умрено, а во однос на нив се знае како се бришат. ДИК нема ниту една веродостојна пријава. ДИК прави проверка и ја направи, ДИК е спремен секој допис да го разгледа и да одговори. Да имале ИС 1, ИС 2 и ИС 3 обрасци попунети се ќе било во ред. На последната седница избришавме повеќе од 300 лица починати со доставени обрасци од нашите подрачни одделенија. Зошто ова до сега не е поднесено. СДСМ бара да ги провериме непокретните. Ова е несериозно. Предлага ДИК да се заблагодари на политичката партија СДСМ дека ДИК ќе направи проверка, но не да се доставуваат обемни списоци и обемен материјал а ДИК работата треба да ја заврши во краток рок.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа, сега пред новинари дека нејзината дискусија по овој допис била вчерашниот ден и го прочита членот 49-а од Изборниот законик. Во оваа смисла, ова е допис, не е барање, не е приговор. Сака да се огради од денешното одлучување бидејќи рокот ДИК го проби заради некои Членови. Таа ќе се огради заради пробивање на рокот и се надева дека нејзините колеги Сашо Срцев и Влатко Сајкоски ќе и се придружат. ДИК во однос на починатите лица направи проверка и се најде една мала бројка на умрени лица во Избирачкиот список. Најверојатно, нашиот граѓанин не доставил документ од било која причина. Го прочита членот 42 став (3 ) кога се врши бришење на починато лице. Смета дека треба да се види оригинален документ, умреница, а тоа го нема како доказ.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, изјави дека не го интересира дали се присутни новинарите или не, ние сме ДИК и работиме како такви и не треба да не интересираат новинарите. Главното што го кажал во вчерашната дискусија никој од новинарите не го пренел.

- Виолета Дума, Член на ДИК, изјави дека ДИК претходната вечер до касно работела. Тоа што доставиле политичките партии, а не стои како "барање", некои членови на ДИК да сметаат дека треба да се отфрли ја загрижува. Се постапува по содржината, а не по насловот на нештото. Не може да се отфрли барањето на СДСМ затоа што по тоа барање имаат право на жалба. ДИК мора да ја прочита содржината. Што се однесува до примена на членот 42 од ИЗ, никој нема право да бара доказ. 202 умрени лица се најдени во Избирачкиот список. Зошто се има страв да се утврди вистината? Што се однесува до бројката 26.515, во секој момент може да се прецизира. Секоја политичка партија има право да поднесе барање согласно членот 49- а, рокот е запазен, формата е запазена и содржината на ова барање исто така.

- Претседателот на ДИК бара ДИК да расправа за суштината по членот 49- а. Партиите имаат основ по кој ги доставиле барањата. ДИК е влезена во расправа и треба да продолжи да се дискутира по содржината на текстот.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, изјави дека поголемиот дел од дискусиите веќе се кажани и тој само сака да напомене дека за сите тука присутни е јасно како се запишува во Избирачкиот список. За некои дејствија во Избирачкиот список доказ мора да има, а во конкретниот случај нема. Прво беа 1045 умрени лица, па 991, а сега е бројката од 202 лица за кои постои сомнеж дека се наоѓаат во Избирачкиот список, а не треба да бидат таму. Треба да бидеме рационални и да пристапиме кон решавање на ова и да ставиме крај на расправата.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека административно гледано, ова е известување. На 17.03.2014 кога е доставено ибројката била 26.515, а вчера 14.492 лица, да не има и трета бројка. Исто така, истакна дека овој допис сака да го даде на медиумите заради вистинитоста.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, побара да не се повторуваат членовите во дискусиите за тоа дали има или нема докази. За умрените лица не може да има докази, а од податоците наведени во барањето, има резултат дека 202 починати лица се во Избирачкиот список и ова не е бројка за непочитување. Политичката партија ни помогнала и проверила за 202 починати лица дека се во Избирачкиот список. ДИК треба да направи проверка дали се лицата умрени и истите да се избираш од Избирачкиот список.
- Потпретседателот на ДИК, Субхи Јакупи, кажа дека ДИК во касните часови во вчерашниот ден заклучи службите да направат непосредна проверка на податоците за умрени лица со име и презиме и адреса и ИМ. Ова е согласно член 49-а од Изборниот законик. Од проверката на службата од 1045 лица, 202 умрени лица се во Избирачкиот список. Тој смета дека ДИК денес треба да донесе решение дека се прифаќа барањето за умрените лица согласно членот 42 став (1) за бришење на починати лица. Ако ДИК во рок од 24 часа не донесе решение за бришење на овие 202 лица, политичката партија има право на тужба до Управен суд, кој има право да донесе конечна одлука по ова прашање, по што ДИК ќе постапи по истата. За таа цел, потребно е да се изготви ИС2 образец од подрачните одделенија и да се достави до ДЗС заради бришење. Во однос на трите лица за кои се бара запишување во Избирачкиот список, по проверката е констатирано дека ги има во списокот за парламентарните избори, но ДИК има време до заклучување на Избирачкиот список да ги запише и во списокот за претседателските избори. Останува делот за лицата кои живеат надвор од Македонија како во приговорот на ДУИ (лицата кои се наоѓаат во Албанија), бидејќи МВР не ни дава податоци да извршиме контрола, според него е доказ тие граѓани да се избришат од Избирачкиот список, па нека се жалат до Управен суд и тој нека одлучи.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, смета дека не треба лицата да се избришат од Избирачкиот список или да се запишат поради тоа што за време на јавниот увид не поднеле барање, а рокот е продолжен на 20 дена. Ќе се створи хаос сега во овој краток временски рок ДИК да брише лица од Избирачкиот список и со оглед на тоа смета дека ова барање треба да се отфрли.
- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека граѓаните поради незнаење дека покрај тоа што извадиле лична карта, треба да поднесат и барање за запишување во Избирачкиот список, целта е со членот 49-а политичките партии да помогнат и трите предложени лица во барањето на СДСМ треба да се запишат во Избирачкиот список. Смета дека ДИК ќе згреши ако не ги запише.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека по заклучокот да се избришат 202 лица од Избирачкиот список ќе биде против поради тоа што за тие лица нема факти и

докази. Се знае постапката за бришење од Избирачкиот список. Со ИС 2 152 лица ДИК избриша на последната седница и тоа е постапката за бришење на починати лица. Не се согласува 202 лица, избирачи без веродостојни докази да се избришат од Избирачкиот список.. Тезата ДИК да ги избрише па потоа тие да поведат спор, не држи.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека е нормално да се има спротивставени мислења затоа што за прв пат се применува одредбата од член 49-а од Изборниот законик. Политичката партија точно навела 1045 умрени лица и од проверката направена од страна на ДИК, 843 граѓани ги нема во ИС а 202 умрени лица СДСМ смета дека се починати и се во Избирачкиот список.Тие не згрешиле во бројот на умрените лица, туку во бројот на лицата кои ги има во Избирачкиот список.Сигурно и овие 202 лица, се починати, но фамилијата не пријавила. Да не беше членот 49-а од ИЗ, ова немаше да се утврди.ДИК нема пристап во матичните книги и МВР, затоа тој е уверен и ќе гласа за бришење на овие лица, а ако не е така, тие во рок од 24 часа ќе поднесат тужба до Управен суд и во рок од 24 часа ДИК повторно ќе ги запише во Избирачкиот список. Ова е серизно и според него ова се точни податоци.

-Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека ДИК треба да решава законито и за 202 умрени лица не може денес да реши да се бришат од Избирачкиот список. Списокот со 202 умрени лица ќе се достави до Управата за водење на матични книги и по доставен доказ од Управа ќе се изврши бришење. Писмото се спрема и од како ДИК ќе добие известување, подрачните одделенија ќе добијат извештај, ќе се пополнат обрасци, ќе се доставаат до ДИК и овие лица ќе се избришат.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека смета дека Управата за матични книги нема да ни даде докази. ДИК кога вчера се обрати до МВР во писмото се обрати и за умрените лица , но ништо не е одговорено. Сега е завршена работата, ДИК направи проверка во таа мера каде ДИК има надлежност, па ако греши нека реши судот.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека во дискусиите не смее да се меша МВР ниту другите органи кои ја вршат работата најчесно. ДИК бара уште и контрола да биде. Прашува по кој закон ДИК да врши контрола. ДИК е надвор од сите критериуми.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се сложува МВР да не се споменува, а особено Министерката, но тоа е размислување на Анета Стефановска. Тој вчера ги слушал внимателно дискусиите и денес сака да се произнесе во однос на барањето на СДСМ. Од содржината на барањето произлегува дека треба да се изврши бришење на повеќе граѓани од Избирачкиот список. 50 лица живеат на една адреса во општините Центар, Кичево и на територија на Република Македонија. Тој мисли дека треба да се избришат од Избирачкиот список иако имаат лична карта или пасош на Р.Македонија. Се работи за категорија на граѓани кои живеат во Пустец, во Р.Албанија и живеат со многу низок стандард, во трошни куќарки и со помош и донации кои се праќаат од Р.Македонија. Сега овие луѓе се јавија како сопственици на станови и куќи во Р.Македонија во конкретните градови кои ги наведе СДСМ и се имаат стекнато со право на живеалиште. Но во таков стан живеат 20, 30, 50, 60 членови со различни презимиња, односно по 10, 12 фамилии живеат во еден стан. И сега тука нема ништо сомнително?ДИК побара од МВР да ни потврди за оваа категорија на граѓани како добиле живеалиште, но одговор нема, има само една реченица. Зошто одговор нема, нема коментар. МВР, речено е во дискусиите дека не смее да се чепка, а камо ли да се спомне. Одговорот од МВР ваков каков е, не е одговор. Овие луѓе живеат во Р. Албанија од дамна, таму створиле дом а ние им даваме третман

дека се граѓани на Р.Македонија а на привремена работа во Р.Албанија. На ова нема одговор.На ланските избори беа потребни за Локалните избори и се донесоа.И сега пак се манипулира со овие граѓани, се игра со нивната судбина. Сега е убеден дека ги има сигурно во Избирачкиот список овие граѓани и се отвори “Пандорината кутија “ Пустец. Македонија мора да најде начин и модус како ова да се реши, а ако не се реши ќе се влече негативно во сите писанија. Тој во оваа прилика би ја повикај Министерката на МВР Јанкуловска, да дојде и со ДИК да седне да се расчисти ова со Пустец. Најцелисходно е заедно со МВР ова прашање да се реши. Да беше во друга прилика тој навистина ќе ја повикал Министерката, но времето е кратко. За категоријата на починати лица, СДСМ поднесе барање и за оваа категорија на граѓани и ДИК доцна синоќа најде соломонско решение да се прекине седницата и стручната служба на ДИК да ги обработи овие податоци и да достави Извештај. Резултатот е следен:од 1045 лица, 843 се починати и не се во Избирачкиот список, но 202 лица се починати и ги има во Избирачкиот список.Според него ова е успех ДИК да може да ја открие оваа категорија на граѓани починати а уште се во Избирачкиот список.Овие 202 гаѓани треба да бидат симнати од Избирачкиот список.Сомнежот дали се податоците веродостојни и валидни смета дека политичката партија нема да даде неверодостојни податоци кои ги утврди и стручната служба на ДИК. Битно е дека на Избирачкиот список има починати лица. Што се бара за 3 граѓани, со име и презиме, ЕМБГ и адреса, да бидат запишани во Избирачкиот список, ДИК дојде до податок дека ги има во Избирачкиот список за парламентарните избори но не и во Избирачкиот список за претседателски избори. ДИК треба да се произнесе за ова. И на крај се бара ДИК да образложи на што се должи разликата во бројот на запишани граѓани во Избирачкиот список за периодот помеѓу Локалните избори 2013 год. и Претседателските избори 2014 год. како и ДИК да им достави информација во кои општини и по кој основ се направени овие запишувања. ДИК е должна бараните податоци да ги даде на барателите и нема никаква пречка податоците да им бидат доставени ако ги има тука, а ако не ќе се побараат од други институции. Во однос на Предлогот на Бедредин Ибраими, како да ја изведеме техниката на бришење од Избирачкиот список и по Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи тој бара пола саат пауза ако може да се договорат или исконсултираат.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека на сите треба да им биде јасно дека приговорот на СДСМ се однесува на претседателските избори. Приговорот за Пустец се однесува на бришење од единствениот Избирачки список во Македонија, а не за бришење од посебниот извод во Тирана. За 202 умрени лица рековме тоа што ќе биде спорно да се бараат податоци во УВМК. Како заклучок делумно да се прифати приговорот во однос на 202 умрени лица, се додека не се добие известување од Управата за матични книги. Не смееме паушално да веруваме, ни треба доказ, а после ДИК ќе дејствува.

- Анета Стефановска, Член на ДИК повторно се повика на писмото доставено до МВР. Таа не знела за писмото нити за добиениот одговор од МВР и ова го кажува за да медиумите видат како е прекршен Деловникот.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека тој вчера го понудил писмото и одговорот од МВР на сите Членови на ДИК, но Анета Стефановска погрешно ја информира јавноста и го подели писмото на медиумите. Писмото беше напишано на барање на Член на ДИК кој има право да бара да се достави вакво писмо и негово дискреционо право е во интерес на ДИК да прати писмо како Претседател на ДИК и во тоа не гледа никаква грешка. Не е ниво да се разговара за некакво сценарио и да се прави баук од една пауза. По паузата сите членови на ДИК

дискутираа до 22 часот. ДИК од секаде ќе бара податоци доколку е тоа во негов интерес и во врска со неговите надлежности.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, во врска со 202 лица најдени во Избирачкиот список смета дека ДИК има пресек од 02.02.2014 и можеби овие лица се починати по овој пресек. Ако имаше датуми кога и како се починати лицата, тоа ќе беше доказ. Во однос на дискреционото право на Претседателот, тој смета дека треба да има услови за тоа кога да се искористи. Да не се заборава дека ДИК е колективен орган и одлуките се носат колективно.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека доколку Сашо Срцев смета дека тој извршил злоупотреба има право и средства истите да ги употреби.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека во врска со дискусијата на претседателот дека МВР не и излегла во пресрет на ДИК, не е точно, МВР секогаш излегувала во пресрет на ДИК. Што се однесува до поканата на Министерката да дојде на седница на ДИК, таа не е член на ДИК па оттука не може ни да присуствува. Тој кажа дека писмото вчера лично го напишал Претседателот и е негово лично барање, а не барање од сите Членови на ДИК. Лично право е на Претседателот да каже што мисли и по точката и за состојбата во државата, но сега треба членовите на ДИК да се држат до професионалноста и законски да дискутираат со дигнитет.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, праша зошто Влатко Сајкоски се става во улога на адвокат на Министерката и истакна дека тој има само за цел решавање на проблемот со Пустец. Заради дополнителни консултации, даде пауза од 30 минути.

Седницата продолжи во 17:40 часот. Претседателот кажа дека се продолжува со работа, дискусиите се привршени и праша дали има уште некој за дискусија. Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот, по што се премина на гласање. Тој даде предлог со оглед дека во барањето на СДСМ се содржани повеќе барања, да се гласа поединечно за сите пет сегменти по кои треба да се произнесат.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека смета дека треба да се гласа за барањето во целина со напомена дека три лица се внесени во Избирачкиот список и за претседателски и за парламентарни избори, а за умрените лица да се поднесе барање за проверка.

По заеднички размислувања, Членовите се согласија само да се стави приговорот на гласање. Се става целосно барањето на СДСМ во сите сегменти на барањето во содржината, во врска со членот 49-а од Изборниот законик на гласање.

**2 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски и Виолета Дума ) се произнесоа “ ЗА “ прифаќање на поднесеното барање на политичката партија СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик, 3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска )се произнесоа “ ПРОТИВ “ и 1 Член на Државната изборна комисија (Бедредин Ибраими) се произнесе “ ВОЗДРЖАН “ .**

**Врз основа на гласањето се констатира дека поднесеното барање на политичката партија СДСМ во врска со членот 49 – а од Изборниот законик не е прифатено.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и петтата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**75-та седница на Државната изборна комисија заврши во 17:50 часот.**

**Број** 07-1086/3

25.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**